## Vip секретарка за ОНЕ тарифни модели - Објаснување на основните поставки

### 1. Како за првпат да се активира услугата Vip секретарка?

Услугата можете да ја активирате бесплатно преку контакт центарот на 077 1234.

Дополнителни подесувања ќе може да направите и преку Вашиот мобилен телефон.

Услугата за пренасочување на повици кон Vip секретарка е секогаш активна, се додека не ја исклучите преку Центарот за грижа за корисниците или ако одберете Вашите повици да се пренасочуваат на друг број.

ПРЕНАСОЧУВАЊЕ КОН VIP СЕКРЕТАРКА ПРЕКУ КОНТАКТ ЦЕНТАРОТ на 077 1234

Ако пренасочувањето повици кон Vip секретарка го активирате преку Центарот за грижа за корисниците,повиците се пренасочуваат кон Вашето говорно сандаче доколку:

Вашиот мобилен телефон е исклучен или надвор од областа покриена со мрежа

Не одговарате на повикот.

### 2. Пренасочување кон Vip секретарка преку Вашиот мобилен телефон

Можете да одберете:

КОГА ВАШИОТ ТЕЛЕФОН Е ИСКЛУЧЕН ИЛИ НАДВОР ОД МРЕЖНА ПОКРИЕНОСТ

Внесете * *6 2* 3 8 9 7 5 0 1 т.е. * * 6 2 * 3 8 9 7 6 0 1
Внесете го бројот на Вашиот мобилен телефон без префикс 07x
Внесете #
Притиснете SEND (ИСПРАТИ)

КОГА ВАШАТА ЛИНИЈА Е ЗАФАТЕНА

Внесете * * 6 7 * 3 8 9 7 5 0 1 т.е. * * 6 7 * 3 8 9 7 6 0 1
Внесете го бројот на Вашиот мобилен телефон, без префикс 07x
Внесете #
Притиснете SEND (ИСПРАТИ)

КОГА НЕ ОДГОВАРАТЕ НА ПОВИКОТ

Внесете * * 6 1 * 3 8 9 7 5 0 1 т.е. * * 6 1 * 3 8 9 7 6 0 1
Внесете го бројот на Вашиот мобилен телефон без префикс 07x
Внесете #
Притиснете SEND (ИСПРАТИ)

КОГА САКАТЕ СИТЕ ПОВИЦИ ДА СЕ ПРЕНАСОЧАТ КОН VIP СЕКРЕТАРКА

Можете да ги пренасочите сите дојдовни повици кон Vip секретарка. Во тој случај, Вашиот мобилен телефон нема да ѕвони се додека не го откажете пренасочувањето.

Внесете * * 2 1 * 3 8 9 7 5 0 1 т.е. * * 2 1 * 3 8 9 7 6 0 1
Внесете го бројот на Вашиот мобилен телефон без префикс 07x
Внесете #
Притиснете SEND (ИСПРАТИ)

КАКО ДА СЕ ОТКАЖЕ ПРЕНАСОЧУВАЊЕ НА ПОВИК КОН VIP СЕКРЕТАРКА

Ако пренасочувањето повици кон Vip секретарка е постојано активно, треба да побарате од Центарот за грижа за корисници да го деактивира.

Ако сте активирале пренасочување на повици кон Vip секретарка преку Вашиот мобилен телефон, можете да го деактивирате пренасочувањето преку Вашиот мобилен телефон.

ШТО Е ВЛЕЗЕН КОД И КАКО ДА СЕ ПРОМЕНИ

Кога сакате да ги слушнете Вашите пораки од кој било друг мобилен телефон (а не од Вашиот), треба да внесете влезен код.

Почетниот влезен код е 9999, заеднички за сите корисници на One тарифни модели.

За да ја зачувате доверливоста на процесот кога ги слушате Вашите пораки преку друг телефон, Ви препорачуваме да го промените влезниот код следејќи ги следниве инструкции:

Влезниот код што ќе го изберете мора да биде четирицифрен број.

Влезете во Вашето говорно сандаче:
Внесете 1 2 3 на Вашиот мобилен телефон
Притиснете SEND (ИСПРАТИ)
Внесете 3 за промена на лозинка
Внесете ги четирите бројки од новата лозинка по звучниот сигнал.

Вашата лозинка ќе биде променета соодветно на внесеното, по што ќе добиете потврда по SMS.

## 3. Како да ги преслушате пораките од Вашиот мобилен телефон?

- Влезете во Вашето говорно сандаче:
  Внесете 1 2 3 на Вашиот мобилен телефон
  Притиснете SEND (ИСПРАТИ)
- Следете ги инструкциите на главното мени
- Внесете 1 за да ги слушнете добиените пораки

Додека ги слушате добиените пораки, можете:

- да преминете на следната добиена порака со притискање на 3, еднаш
  Притиснете SEND (ИСПРАТИ)
- да ја избришете пораката којашто тековно ја слушате, со притискање на 2, еднаш
- за повторно да ја преслушате пораката којашто тековно ја слушате, притиснете на 1, еднаш

## 4. Како да ги преслушате пораките од друг мобилен телефон или фиксен број?

- Влезете во Вашето говорно сандаче:
  Внесете 0 7 5 1 2 0 1 2 3 т.е. 0 7 6 1 2 0 1 2 3
  или, ако сте во странство:
  внесете + 3 8 9 7 5 1 2 0 1 2 3 т.е. + 3 8 9 7 6 1 2 0 1 2 3
  на мобилен телефон или на друг телефон
  Притиснете SEND, во случај на мобилен телефон
  Внесете го бројот на Вашиот мобилен телефон
  Внесете го влезниот код т.е. лозинката за Вашата говорна пошта
- Слушнете ги упатствата од главното мени
- Внесете 1 за да ги слушнете добиените пораки

## 5. Што да направите откако ќе гиислушате пораките?

- Ако сакате да ја слушнете следната порака – внесете 3.
- За да ја избришете (DELETE) пораката што сте ја слушнале внесете 2.
- За да се вратите (RETURN) на главното мени – внесете *.

Забелешка: Ако не внесете ништо откако сте ја слушнале пораката, таа е зачувана автоматски и потоа ја слушате следната порака.

## 6. Како ќе знаете дека имате нова порака?

Кога има порака во Вашето говорно сандаче, Вашиот мобилен телефон веднаш ќе Ве извести преку кратка порака придружена со визуелен или аудио сигнал

## Vip секретарка за Vip тарифни модели - Објаснување на основните поставки

## 7. Лозинка

Вашата лозинка е таен четирицифрен број кој Ви гарантира сигурност и приватност на Вашите пораки. Кога пристапувате кон Vip секретарката од својот мобилен телефон, не е потребно да внесувате лозинка. Ако пристапувате од фиксната мрежа или од некој друг мобилен телефон, од Вас ќе се бара да ја внесете Вашата лозинка. Изберете лозинка која лесно ќе ја запамтите. Напомена: Почетната лозинка се состои од последните 4 цифри на ПУК1 бројот. Лична порака - тоа е Ваш личен поздрав којшто повикувачот го слуша кога остава порака на Вашата Vip секретарка. Снимете го тоа што мислите дека Вашите повикувачи би требало да го слушнат, на пример: Во моментов не сум достапна/достапен, Ве молам оставете порака. Ви благодарам!

Лично име - е Вашето име и презиме снимено со Вашиот глас. При оставање порака на Вашата Vip секретарка наместо Вашиот број повикувачот ќе го слушне Вашето Лично име. Во случај да не снимите своја Лична порака ниту Лично име, Вашата Лична порака ќе биде: Ја добивте Vip секретарката на +38977xxxxxx. Ве молиме оставете порака по звучниот сигнал. Можете да одберете и некои од веќе снимените системски пораки како и пораките за отсутност. Најава за пристигнатите пораки Вашата Vip секретарка по пат на SMS Ќе Ве известува за сите пристигнати пораки. Пренасочување на повици Пренасочувањето на повиците е автоматско проследување на повиците од Вашиот мобилен телефон на Vip секретарката. По пренасочувањето на повиците кон Vip секретарката, повикувачот ќе ја слушне Вашата Поздравна порака по која ќе може да ја остави својата порака. Сите Vip корисници имаат можност за користење на Vip секретарката во следниве случаи:

- кога не се јавувате 25 секунди (divert of no reply)
- кога не сте достапни (divert if no reachable)
- кога сте зафатени (divert if busy).

Ви советуваме да го оставите активно Пренасочувањето на повиците во сите три случаи. Ако не сакате да примате повици бидеј'и сте, на пример, на годишен одмор, можете да ја изберете опцијата

Пренасочување на сите повици (Divert all incoming calls) кон Vip секретарката. Во тој случај, секој кој ќе Ве повика ќе биде автоматски пренасочен кон Vip секретарката, а Вам телефонот нема ни да Ви заѕвони. Начинот на кој се менува Пренасочувањето на повици се разликува во зависност од произведувачот и од типот на мобилниот телефон. Точни упатства за начинот на пренасочување ќе најдете во прирачникот за користење на Вашиот телефон.

## 8. Преслушуваље на пораките

Откако сте пристапиле кон Vip секретарката со повик на бројот 1222, пораките Ќе ги слушнете една по друга. Пред секоја порака Ќе слушнете информација за датумот и времето на пристигнување на пораката, како и бројот на повикувачот ако истиот успешно е пренесен до Vip мрежата. Ако во текот на преслушувањето притиснете 0 за помош, Vip секретарката ќе Ве упати во опциите кои ги имате на располагање.

Некои од нив се:

- за повторно преслушување притиснете 1
- за бришење порака притиснете 2
- за да преминете на следната порака притиснете 3
- за враќање на претходната порака притиснете 6
- за враќање на главното мени притиснете *.

Истите опции ги имате на располагање и во текот на преслушувањето на секоја поединечна порака.

Напомена: избришаната порака ќе биде отстранета откако ќе ја прекинете врската. Во текот на идниот пристап кон Vip секретарката и преслушувањето на пораките, избришаната порака веЌе нема да ја има.

## 9. Главно мени

Главното мени е почетна точка за преслушување на пораките, како и за промена на поставките на Vip секретарката согласно Вашите потреби. Со влез во Главното мени веднаш ги преслушувате новите пораки, ако ги има, а ако нема нови пораки ќе слушнете известување "Немате нови пораки". Преслушувањето на пораките можете да го прескокнете со притискање *. Потоа ќе ги слушнете опциите на Главното мени.

Имате три опции:

- За преслушување - притиснете 1
- За поставување на Вашата порака - притиснете 2
- За персонализација - притиснете 3 (оваа опција Ви нуди можност за промена на поставките на Vip секретарката за лозинка и јазик)
- За помош - притиснете 0 (оваа опција Ви дава можност за подетално објаснување на Главното мени). За во кој било момент при користењето на Vip секретарката да се вратите на Главното мени, притиснете *.

## 10. Поставување на Ваша порака

Поставувањето на порака на Vip секретарката може да го извршите на следниот начин:

За:

- **Лична порака** - Притиснете 1. Лична порака може да снимите со притискање на 2. Ако снимате нова Лична порака, може да ја зачувате или повторно да снимите нова.
- **Порака за отсутност** - за да ја овозможите или оневозможите Вашата порака за отсутност притиснете 2.
- **Системска порака** - притиснете 3 за системска порака и потоа притиснете 2 за снимање и активирање на Лично име. За да ја преслушате активната порака притиснете 8.

## 11. Преслушување пораки од друг телефон

За преслушување на пораки од фиксната мрежа (телефонот мора да има тонско бирање) или од кој било друг мобилен телефон, треба да постапите на следниот начин:

- повикајте го бројот: 12 1222 или 077 12 1222 или +389 77 12 1222
- потоа ќе Ви биде побарано да го внесете Вашиот телефонски број 077xxxxxx, каде што xxxxxx е Вашиот шестоцифрен број. На крајот притиснете #.
- притиснете повторно #
- ќе Ви биде побарано да ја внесете Вашата лозинка (којашто се содржи од последните 4 цифри од ПУК1 проследено со #).
- по ова Ќе бидете во можност да ги преслушате Вашите пораки.

**12. Директен пристап кон Vip секретарката на другите Vip корисници**

Доколку сакате да оставите порака на нечија Vip секретарка, без директно да му се јавувате, било да се јавувате од својот мобилен или од број од фиксната мрежа, направете го тоа на овој начин:

- повикајте го бројот: 12 1222 или 077 12 1222 или +389 77 12 1222
- потоа ќе Ви биде побарано да го внесете телефонскиот број +389 77xxxxxx, каде што xxxxxx е шестоцифрениот број на корисникот кому сакате да оставите порака. На крајот притиснете #. Откако Ќе ја слушнете Поздравната порака на лицето, снимете ја својата порака.

**13. Колку долго Vip секретарката ги чува примените пораки?**

Vip секретарката може да прими најмногу 20 пораки кои ги чува 10 дена сè додека не ги преслушате. Откако ќе ги преслушате, пораките ќе бидат избришани во рок од 3 дена. Должината на пораката може да изнесува најмногу 300 секунди.

**14. Наплата на Vip секретарката во Р.Македонија?**

Преслушувањето на пораките на Вашата Vip секретарка од Вашиот телефонски број е бесплатна, а од друг телфонски број се наплаќа исто како да повикувате Vip корисник. На повикувачот при оставање на порака на Vip секретарката му се наплаќа според важечкиот ценовник за повик кон Vip корисник.

**15. Наплата на Vip секретарката во роаминг?**

Користењето на Vip секретарката во роаминг (и преслушувањето и примањето пораки) не е бесплатно, се наплатува според важечкиот ценовник за роаминг услуги. Во роамингот, SMS најавата за пристигнати пораки е бесплатна. Кај пренасочувањето во случај кога корисникот не се јавува, кога не е достапен или е зафатен, а повиците се пренасочени на Vip секретарката, повикот двојно се наплаќа:

- За дојдовни повици, цената за дојдовни повици на роаминг, зависно од зоната каде моментално се наоѓа корисникот, и за појдовни повици, пренасочено со Вашиот мобилен телефон до Vip секретарката, по цена на сите појдовни повици кон Македонија.
- А за повикувачот за испратен повик, по цена за испратени повици во Македонија.
- Согласно со Одлука на АЕК, од 1.7.2015 год. доколку е достапна услугата Vip секретарка во Србија, Црна Гора и во Босна и Херцеговина, таа не се наплаќа.

Ако сакате да ги избегнете трошоците за користење на Vip секретарката во роаминг, тоа можете да го направите на следниве начини:

- со исклучување на Vip секретарката преку менито на телефонот, Пренасочување на повиците (Call divert), Откажување на сите пренасочувања (Cancel all diverts)

Напомена: Ако на Vip секретарката пристапувате од странство, тоа е можно единствено со бирање на бројот +389 77 1222.

Доколку овој повик не можете да го остварите потребно е да го повикате бројот +389 77 12 1222.